# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| Службен гласник на Општина Свети Николе<br><br>Излегува по потреба | 29.02. 2018 година<br>ден месец година<br>Свети Николе<br>Број 2 | ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА<br>Трезорска сметка 100000000063010<br>Буџетски корисник 7630140762- 630-10 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Свети Николе за 2018 година бр. 0801- 20 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа начлен 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016), и член 36 точка 15од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02),Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2017 година,донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјетона Општина Свети Николе за 2018 година**

I. ВОВЕД

Во Годишната програма за изработка на урбанистички планови на Општина СветиНиколе за 2018 година бр.0801-542 од 27.12.2017 година се додаваат тринови наслови.

II. ПЛАНИРАЊЕ

- Во табеларен преглед ДУП се додава:

| ред. бр. | Наслов на урбанистички план | површина |
|---|---|---|
| 1 | Измена и дополнување на ДУП за дел од УЕ „2“ плански опфат меѓу ул.„Пионерска“,ул.„Цветан Димов“ и ул.„Рахилка Гонева“. | 0.41 ха |
| 2 | Измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Лиска“ плански опфат меѓу ул.„Крсте Мисирков“ и река „Поток“. | 1.0 ха |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Измена и дополнување на ДУП за дел од УЕ 1, плански опфат меѓу ул.„Крсте Мисирков“, крак нма ул.„Крсте Мисирков“, ул.„Карпошпева“ и ул.„101“. | 1.6 ха |

- Во табеларен преглед УПВНМ се додава

| ред. бр. | Наслов на урбанистички план | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМсо класа на намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, Г3-сервиси,Г4- стоваришта и Е2 – комунална супраструктура, задел одКП 513/1 мв Чојкрши КО Амзабегово - вгр | |
| | УПВНМ со класа на намена Е2 – комунална супраструктура за КП 3958/5 и КП 3958/7, КО Свети Николе-вгр | |

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со финансирање од Буџетот на општината, како и од страна на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општината.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината во зависност од потребите, Програмата може да претрпи измени и дополнувања.

Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор соправното лице носител на лиценца за изработување на урбанистички планови, избрано по пат на јавна набавка согласно Законот за јавни набавки

Предвидени средства за реализација на програмата се:

-F10 – Урбанистичко планирање 14.101.066 денари

Оваа програма влегува во сила од денот на објавување во Службен гласник на општина Свети Николе.

**Бр. 0801-20**
**27.02.2018 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за неусвојување на Дополнување на годишна програма за работа на ЈКП „Комуналец„ за 2018 година бр. 0801- 21 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/2**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**за неусвојување на Дополнување на годишна програма за работа на**

**ЈКП ,,Комуналец,, за 2018 година**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе НЕ ГО УСВОИ Дополнувањето на годишната програма за работа на ЈКП,,Комуналец,, Свети Николе за 2018 година бр.0202-82/5 од 19.02.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Свети Николе,,.

**Бр.0801 - 21** **Претседател,**

**27. 02. 2018 година** **на Совет на Општина Свети Николе**

**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2018 година бр. 0801- 22 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/3** **Општина Свети Николе**
**27.02. 2018 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27. 02. 2018 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишен план за вработување на**
**ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2018 година**

1.Се усвојува Годишниот план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 22**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе бр. 0801- 23 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/4**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („ Службен весник на РМ„ бр.05/02) и член 96 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„бр.01/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 018 година ја донесе следната

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Статутот на Општина Свети Николе**

**Член 1**

Член 39-а став 1 од Статутот на Општина Свети Николе се менува и гласи "Во Општината се формира Совет на млади како советодавно тело на општината со цел зголемување на учеството на младите во процесите на одлучување на локално ниво, како ко-креатори на локалните младински политики во Општината."

**Член 2**

Член 39-в став 1 алинеа 8 се менува и гласи " организира и помага при организација на работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и други работи во врска со прашања за младите со претходнаконсултација со Градоначалникот и општинските служби."

По алинеа 11 се додава алинеа 12 со текст " по потреба преставници на Советот на млади присуствуваат на седници на Советот на општината на кои што се разгледуваат политики поврзани со младите."

Алинеа 12 станува алинеа 13.

**Член 3**

Член 39-г став 1 се менува и гласи "Советот на млади има седум членови."

Став 3 се менува и гласи "Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: здруженија на граѓани,фондации,невладини организации,здруженија на млади,ученички совети,студентски совети и други регистрирани облици на организирање на младите."

Став 4 се менува и гласи "Врз основа на писмени предлози од предлагачите на предлог на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања Советот на Општината ги избира и ги разрешува членовите на Советот на млади."

**Член 4**

Член 39-д став 1 се менува и гласи "Мандатот на членовите на Советот на млади трае две години од денот на објавување на одлуката на Советот на општината во "Службен гласник на Општина Свети Николе."

**Член 5**

Член 39-ѓ став 1 се менува и гласи "Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во три месеци."

Став 4 се менува и гласи "За секоја одржана седница на Советот на млади се изготвува записник кој се доставува до Советот на општината."

**Член 6**

Член 39-е став 5 се менува и гласи "Програмата се донесува најкасно до 15 декември во тековната година, за наредната година."

**Член 7**

Се задолжува стручната служба на Општина Свети Николе да изготви пречистен текст на Статутот на Општина Свети Николе.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе."

**Бр.0801-23**
**27.02.2018 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2018 година бр. 0801- 24 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/5**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 15.12. 2017 година, донесе

Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2018 година бр 0801-511 **.** Советот на Општина Свети Николе на седница одржана на ден 27.02. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Програмата за активностите на Оштина Свети Николе во областа на образованието за 2018 година.**

**Чл.1**

Во програмата активностите во областа на образованието за 2018 година во делот III Активност-Капитални инвестиции -расходи .

Во ред 16 Обновување на фасада и реконструкција на санитарни тоалети за ООУ Кирил и Методиј износот од "1.320.000 денари "се заменува со износ од "1.020.000 денари".

После редот 16 се додава нов ред 17 кој ќе гласи "Реконструкција и санација на електрична енергија во ООУ Даме Груев с.Ерџелија,во продолжение на редот во колоната Буџет на Општина се додава износ од 300.000 денари.

**Чл.2**

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 0801 - 24** — **Совет на Општина Свети Николе**
**27.02. 2018 година** — **Претседател,**
**Свети Николе** — **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК за прибирање на предлог проект „Реконструкција на електрични инсталации во ООУ Даме Груев – с.Ерџелија бр. 0801- 25 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/6** — **Општина Свети Николе**
**27.02. 2018 година** — **Градоначалник,**
**Свети Николе** — **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (Службен весник на РМбр 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27. 02.2018 година донесе

**О Д Л У К А**

**за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК за прибирање на предлог проект „Реконструкција на електрични инсталации во ООУ Даме Груев – с.Ерџелија "**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Свети Николе во во врска со ЈАВНИОТ ПОВИК за доставување на предлог проект „ Реконструкција на електрични инсталации во ООУ Даме Груев – с.Ерџелија“ за финансирање на проекти за развој на селата од Биро за регионален развој, утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2018 година, раздел 191.01, потпрограма ОА Рамномерен регионален развој ставка 464 Разни трансфери и раздел 280.01, Потпрограма ОА Рамномерен регионален развој ставка 488 Капитални дотации до ЕЛС

**Член 2**

Средствата се обезбедуваат во висина од 50 % од вредноста на предлог-проектот, или 300.000,00 денари, согласно обврската за обезбедување на кофинансирање од страна на Единиците на локална самоуправа.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе за 2018 година од програма IV 1 конто 482930.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавање во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр.0801-25** — **Совет на Општина Свети Николе**

**27.02.2018 год.** — **Претседател,**

**Свети Николе** — **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Статурната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе бр. 0801- 26 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/7** — **Општина Свети Николе**
**27.02. 2018 година** — **Градоначалник,**
**Свети Николе** — **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точа 5, член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа како и врз основа на член 21 од Законот за култура („Службен весник на РМ„ бр. 59/2003), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година донесе

## О Д Л У К А
**за давање согласност на Статурната одлука за изменување И дополнување на Статутот на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе**

1.Се дава согласност на Статурната одлука за изменување И дополнување на Статутот на ОУ Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе донесена од Управниот одбор на Општинската установа Дом на култура „Крсте Мисирков„ Свети Николе број 02-53/11 од 30.01.2018 година.

2.Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„

**Бр. 0801 - 26**
**27.02.2018 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

## З А К Л У Ч О К

За објавување на Одлука за поништување на Одлука за делумно ослободување на плаќање надомест за уредување на градежно земјиште бр. 0801- 27 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/8**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр. 5/02), Советот на општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година ја донесе следната

## О Д Л У К А
**за поништување на Одлука за делумно ослободување на плаќање надомест за уредување на градежно земјиште**

1.СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за делумно ослободување на плаќање надомест за уредување на градежно земјиште донесена од Советот на општина Свети Николе на ден 02.04.2015 година под број 0801-254 и истата не произведува правно дејство од моментот на нејзиното донесување.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник на општина Свети Николе.

**О б р а з л о ж е н и е**

Советот на општина Свети Николе на седница од 02.04.2015 година донел Одлука број 0801-254 со која потенцијалните инвеститори кои ќе се стекнат со сопственост над градежните парцели број 81 и 82 во локалитет „Нов градски парк“ во Свети Николе и тоа градежна парцела 81 со намена Б1 – мали комерцијални и деловни објекти и градежна парцела 82 со намена Д3 – спорт и рекреација да бидат делумно ослободени од надоместок за уредување на градежно земјиште, при што ослободувањето да изнесува 50% од полниот износ, па така наместо 2.900,00 денари за 1м2 да платат 1.450,00 денари. Притоа, Одлуката за делумно ослободување од надоместокот Советот ја засновал на точка 9 од глава X од „Програмата за уредување на градежно земјиште на општина Свети Николе за 2015 година.

Според наведената одредба од „Програмата...“ :

Советот на општина Свети Николе може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објект во индустриска зона по претходно доставен бизнис план и договор со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања“.

Во конкретниот случај, со наведената Одлука делумно се ослободува од плаќање надоместок потенцијалниот инвеститор за изградба на објекти со намена Б1 – мали комерцијални и деловни објекти и Д3 – спорт и рекреација, кои не се објекти од јавен интерес. Исто така, парцелите не се во индустриуска зона ниту има доставено бизнис план и склучено договор за определен број на вработувања.

Од напред наведеното видно е дека не стои основот за целосно или делумно ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште, односно не постои јавен интерес кој би бил причина за давање на такво ослободување, поради што Одлуката број 0801-254 од 02.04.2015 година се поништува и не произведува правно дејство од моментот на нејзиното донесување (ex tunc).

**Број 0801-27** **Совет на Општина Свети Николе**
**27.02. 2018 год.** **Претседател,**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлуказа утврдување на приоритет на проект бр. 0801- 28 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/9** **Општина Свети Николе**
**27.02. 2018 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), како и член 2 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр.1/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27. 02. 2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет на проект**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе со оваа одлука утврдува приоритет на проектите:

- Изградба на водоводна мрежа и на улици на КП1785/1 викано место „Лозов Расадник“: Улица „1“, Улица „2“, Улица „3“, Улица „4“, Улица „5“, град Свети Николе.
- Изградба на фекална канализација на улици на КП1785/1 викано место „Лозов Расадник“: Улица „1“, Улица „2“, Улица „3“, Улица „4“, Улица „5“, град Свети Николе.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр. 0801- 28**
**27.02.2018 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за утврдување на приоритет на проект бр. 0801- 29 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/10**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), како и член 2 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе“ бр.1/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на приоритет на проект**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе со оваа одлука утврдува приоритет на проектите:

- Изградба на фекална канализација за Кнежевски пат
- Изградба на фекална канализација за дел од населба Рудина

- Реконструкција на водоводна мрежа за ул. Васка Циклева и
- Реконструкција на фекална канализација за ул. Васка Циклева

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр. 0801- 29**
**27.02.2018 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Свети Николе бр. 0801- 30 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/11**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 24 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ број 01/2016), а во врска со одредбите од член 4 став 6 и 7 од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр.62/05, 88/08 и 35/11), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Свети Николе**

**Член 1**

Во случај на непочитување на договорените услуги, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Свети Николе за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Свети Николе, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кои ќе се склучат согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување н а Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), помеѓу Општина Свети Николе и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Свети Николе да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Свети Николе до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ" бр.62/05, 88/08 и 35/11).

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0801 - 30**
**27. 02.2018 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка бр. 0801- 31 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/12**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), член 24 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе„ број 01/2016), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за**
**Проект: "Водоснабдување и одведување на отпадни води" во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестицио на банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдувањ е и одведување отпадни води" ( "Службен весник на Република Македонија" број 8 3/1 0) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување**

**и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Свети Николе и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Грдоначалникот на општина Свети Николе да го потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договорот за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување н а Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83 /10) и Одлуката за распределба на средства согласно договорот за заем по проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 154/2010), меѓу Општина Свети Николе и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Свети Николе, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање СЕПАРИС број 2008-0446 помеѓу Република Македонија и Европска инвестициона банка за Проект: “Водоснабдување и одведување на отпадни води“ во врска со Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската инвестициона банка по Договорот за заем по Проектот „Водоснабдување и одведување отпадни води“ (“Службен весник на Република Македонија“ број 83/10) меѓу Општина Свети Николе и Министерство за транспорт и врски на Република Македонија.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе”.

**Бр. 0801 - 31**
**27. 02.2018 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за збратимување на Општина Свети Николе со Општина Пуцонци – Република Словенија бр. 0801- 32 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/13**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 14 став 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за збратимување на Општина Свети Николе со Општина Пуцонци- Република Словенија**

**Член 1**

Општина Свети Николе се збратимува со Општина Пуцонци - Република Словенија со цел за продлабочување на меѓународната соработка, реализација на заеднички проекти и активности, како и можности за економска соработка и трговска размена.

**Член 2**

Врз основа на оваа Одлука Градоначалниците на двете општини ќе потпишат Договор за збратимување со кој посебно ќе се утврди видот и начинот на соработката.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Свети Николе да го потпише Договорот за збратимување со Општина Пуцонци Република Словенија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува на сила наредниот ден од од денот на објавување во („Службен гласник на Општина Свети Николе„).

**Бр.0801-32**
**27.02.2018 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Годишен план за вработување на Општина Свети Николе за 2018 година бр. 0801- 33 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/14**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27. 02. 2018 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Годишен план за вработување на**
**Општина Свети Николе за 2018 година**

1.Се усвојува Годишниот план за вработување на Општина Свети Николе за 2018 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 33** **Претседател,**
**27. 02. 2018година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Заклучок за усвојување на Финансов план на трошоци и приходи за 2018 година на ЈП „Погребални услуги„ - Свети Николе бр. 0801- 34 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/15** **Општина Свети Николе**
**27.02. 2018 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Финансов план на трошоци и приходи за 2018 година на ЈП „Погребални услуги„ - Свети Николе**

1. Советот на Општина Свети Николе усвои Финансов план на трошоци и приходи за 2018 година на ЈП „Погребални услуги„ - Свети Николе.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 34** **Претседател,**
**27.02. 2018 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Кире Алексов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2018 година бр. 0801- 35 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

**Бр.0901-48/16**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**М-р. Сашо Велковски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (**„Службен весник на РМ□ бр. 5/02**) и член 129 од Деловниот за работа на Советот на ОпШтина Свети Николе, самоуправа (,,**Службен гласник на ОпШтина Свети Николе□бр. 3/06**) Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27.02.2018 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2018 година**

## I.ОПШТ ДЕЛ

Според надлежностите што се определени со Уставот на Република Македонија, Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот за работа на Советот на Општина Свети Николе, Советот донесува Програма за работа за 2018 година.

Во Програмата се обележани основните рамки и насоки за работа на Советот во календарската 2018 година согласно надлежностите на Советот.

Програмата овозможува транспарентност во работата на Општината и е отворена за постојано проширување и дополнување согласно со укажувања на заинтересирани субјекти и поединци од Општината.

## II.ПОСЕБЕН ДЕЛ

### II.1.Прво тромесечие - период Јануари - Март 2018 година

1. Донесување на Програма за работа на Советот на Општина Свети Николе за 2018 година.
Изработува: **Стручна служба** на Советот на Општина Свети Николе.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

2. Извештај за реализирање на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2017 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

3. Извештај за реализирање на Програмата за изградба, реконстгрукција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе за 2017 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

4. Извештај за реализирање на Програмата за комунални дејности на Општина Свети Николе за 2017 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.

Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5. Извештај за реализирање на Програмата за искористувањето на средствата за јавно осветлување на Општина Свети Николе за 2017 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

6.Извештај за реализирање на Програмата за изработка, измени и дополнување на Урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2017 година.
Изработува: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

7. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата за 2017 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

8. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2017 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

9. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2017 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

10. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади и подршка на НВО Секторот за 2017 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

11. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2017 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

12.Извештај за работењето на ЈКП”Комуналец” Свети Николе со годишна пресметка за периодот од 01.01. до 31.12. 2017 година.
Изработува: ЈКП Комуналец Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈКП Комуналец Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

13.Извештај за работењето на ЈП”Погребални услуги” Свети Николе со годишна пресметка за 2017 година.
Изработува: ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Донесува: Управен одбор на ЈП Погребални услуги Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

14. Извештаи за работата на:

ОУ Дом на Културата Крсте Мисирков Свети Николе за 2017 година
ОУ Народен музеј Свети Николе за 2017 година
Изработуваат: Општинските јавни установи
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.
Усвојува: Советот на Општината

15. Завршни сметки на:
- ОУ Кирил и Методиј Свети Николе за 2017 година.
- ОУ Гоце Делчев Свети Николе за 2017 година.
- ОУ Даме Груев с. Ерџелија за 2017 година
- СОУ Кочо Рацин Свети Николе за 2017 година
- ЈОУДГ Рахилка Гонева Свети Николе за 2017 година
- ОУ Дом на Културата Крсте Мисирков Свети Николе за 2017 година
- ОУ Народен музеј Свети Николе за 2017 година

Изработуваат: Општинските јавни установи
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.
Усвојува: Советот на Општината

16. Завршна сметка на Буџетот на Општина Свети Николе за 2017 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

17.Донесување одлуки со отпочнување постапка за изработка на Детални урбанистички планови,и проекти за разни делови од градот
Изработува: одделение за урбанизам, во текот на цела 2018 година
Донесува :Совет на Општината

18.Одлуки за отпочнување постапка за изработка на локална урбанистичка документација во разни делови во градот., планови и проекти
Изработува: одделение за урбанизам, во текот на цела 2018 година
Донесува: Совет на Општината

19. Одлуки за именување и разрешување на членови на органи на управување во органите на јавните претпријатија и установи од Општината во текот на цела 2018 година
Предлага: јавно претпријатие или установа
Донесува: Совет на Општината

20. Одлуки за измени и дополнувања на донесените програми од Советот за 2018 година по укажана потреба за промени и дополнувања
Изготвува: Изготвувачот на програмата
Донесува: Совет на Општината

21. Информација за **водоснабдување и одводнување на отпадни води на Општина Свети Николе;**

**Изготвува : Одделение за комунални дејности, ЈКП ,,Комуналец,,**
Усвојува: Совет на Општината

22. Квартален извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за квартал 4
Изготвувач: Одделение за финансии
Донесува: Совет на Општината

23. Одлука за утврдување зони при примена на методологијата за утврдување на пазарна вредност
Изготвува: одделение за даноци
Донесува Совет на Општина Свети Николе

24. Извештај за редовен годишен попис во Општина Свети Николе со состојба на 31.12.2017 година
Изготвува: Одделение за финансии
Донесува: Совет на Општината
Усвојува: Совет на Општината

25.Советнички прашања, Советниците ќе поставуваат на седница по исцрпениот дневен ред, кога тоа ќе биде утврдено на самата седница, на предлог на некоја од матичните

комисии на Советот, на предлог на Градоначалникот, по потреба во текот на 2018 година,согласно со Деловодникот за работа на Советот на Општината.

**II.2. Второ тромесечие период Април - Јуни 2018 година**

1. Предлог План за запишување на учениците во прва година во СОУ Кочо Рацин Свети Николе учебна 2018/2019 година.
Изготвува: СОУ Кочо Рацин Свети Николе
Усвојува :Советот на Општина Свети Николе

2. Програма и План за управување со отпад
Изработува: Одделение за комунални работи
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

3. Информација за состојбата, локацијата и одржувањето на културно-историските споменици и градбеното наследство на подрачјето на Општина Свети Николе.
- Евиденција на спомениците и спомен-обележјата во нашата општина и изработка на проекти за изградба на нови споменици и спомен-обележувања.

Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

4.Програма за одбележувања на значајни празници, настани и личности.
Изработува: Одбор за одбележување на значајни празници, настани и личности.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5.Усвојување на Правилник за поставување на урбана опрема.
Изработува: Одделение за урбанизам и комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

6. Информација за состојбата со гробиштата во Општина Свети Николе.
Изработува: ЈП"Погребални услуги" Свети Николе.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

7. Информација за состојбата на спортските терени и објекти со предлог на мерки.
Изработува: Комисија за јавни дејности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

8. Информација за целокупниот имот на Општина Свети Николе.
Изработува: Општинска администрација
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

9. Информација за одржаниот меѓународниот фолклорен фестивал Тодорица 2018.

10.Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за прво тромесечие во 2018 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет.
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

11. Донесување, изменување и дополнување на урбанистичките планови во Општина Свети Николе во текот на 2018 година. Реализацијата ќе биде во текот на целата година согласно постапките за нивно донесување.

12. Информација за Локалниот економски азвој на Општина Свети Николе;
Изработува: Одделение за Локален екомоски развој;
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

13. Информација за чистење на речните корита на територијата на Општина Свети Николе;

Изработува: Одделение за комунални работи;
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе;

**II.3. Трето тромесечие – период Јули - Септември 2018 година**

1. Локален акционен план за животна средина
Изработува: Стручни служби при општинската администрација со НВО
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

2. Програма за прославување на “Свети Николај”.
Изработува: Одбор за одбележување на значајни празници, настани и личности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

3. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за второ тромесечие во 2017 година.
Изработува: Одделение за финансии и буџет.
Усвојува : Совет на Општина Свети Николе.

4.Информација за реализација на проектите кои се реализирани со средства од донации.
Изработува: Одделение за урбанизам и комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

5. Извештај на ревизорот за 2017 година.
Изработува: Внатрешен ревизор
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

6. Информација за наплата на комуналните такси во 2018 година.
Изработува: Одделение за финансии, даноци и ЛЕР
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе

7.Годишни програми за работа на:
- ОУ,,Кирил и Методиј,, Свети Николе за 2018/2019 година.
- ОУ,,Гоце Делчев,, Свети Николе за 2018/2019 година.
- ОУ ,,Даме Груевс,, Ерџелија за 2018/2019 година
- СОУ ,,Кочо Рацин,, Свети Николе за 2017/2018 година
- ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе за 2018/2019 година

8..Извештаи за работата на:
- ОУ Кирил и Методиј Свети Николе за 2017/2018 година.
- ОУ Гоце Делчев Свети Николе за 2017/2018 година.
- ОУ Даме Груев” с. Ерџелија за 2017/2018 година
- СОУ Кочо Рацин Свети Николе за 2017/2018 година
- ЈОУДГ Рахилка Гонева Свети Николе за 2017/2018 година

**II.4. Четврто тромесечие период Октомври - Декември 2018 година**

1.Информација за почетокот на школската година, состојбите во претшколските установи и основните училишта.
Изработува: Комисија за јавни дејности.
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

2.Годишни програми за работа на:
- ОУ Дом на Културата ,,Крсте Мисирков,, Свети Николе за 2019 година
- ОУ Народен музеј Свети Николе за 2019 година.
Изработуваат: Општинските јавни установи.
Донесува: Училишните односно Управните одбори на установите.

3.Програма за одржување на улиците во зимски услови во Општина Свети Николе за 2018/2019 година
Изработува: Одделение за комунални работи
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

4.Извештај за извршување на буџетот на Општина Свети Николе за третото тромесечие во 2018 година.
Изготвува: Одделение за финансии и буџет
Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

5.Буџет на Општина Свети Николе за 2019 година
Изработува: Одделение за финансии и буџет
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

6. Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Свети Николе за 2019 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

7.Програмата за комунални дејности на Општина Свети Николе за 2019 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

8.Програмата за изградба , реконструкција и одржување на локални патишта и улици во Општина Свети Николе за 2019 година.
Изработува: Одделение за комунални работи.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

9.Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Свети Николе за 2019 година.
Изработува: Одделение за урбанизам.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

10.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2019 година
Изработува:Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

11.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на културата за 2019 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

12. Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на спорт, млади и подршка на НВО секторот за 2019 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

13.Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на образованието за 2019 година
Изработува: Стручните служби при општинската администрација
Донесува: Совет на Општина Свети Николе

14. Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита за 2019 година.
Изработува: Стручните служби при општинската администрација.
Донесува: Совет на Општина Свети Николе.

15.Програма за прославување на Свети Никола патронот на град Свети Николе.
Изготвува: Одбор за одбележување на празници, настани и личности.

Усвојува: Совет на Општина Свети Николе.

**III.НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Со овој дел од Програмата за работа на Советот на Општина Свети Николе се обработува нормативната дејност на Советот што треба да се извршува во текот на 2018 година, која се однесува во донесување на нормативни акти за усогласување на постојните прописи во изминатиот период од страна на Советот врз основа на прописите што ќе бидат донесени во 2018 година.

**IV. ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата се задолжуваат предлагачите, изготвувачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени со Програмата.

Во текот на 2018 година, Советот на Општина Свети Николе ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат во тековното работење.

Извршувањето на програмата ќе зависи од законските и финансиските услови.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

| | |
|---|---|
| **Бр. 0801-35** | **Совет на Општина Свети Николе** |
| **27.02.2018 год.** | **Претседател,** |
| **Свети Николе** | **Кире Алексов** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе (,,Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за согласност на Програмата за подготовка и реализација на екскурзии при ООУ ,,Гоце Делчев,, Свети Николе за 2018 година бр. 0801- 36 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 27.02. 2018 година.

| | |
|---|---|
| **Бр.0901-48/17** | **Општина Свети Николе** |
| **27.02. 2018 година** | **Градоначалник,** |
| **Свети Николе** | **М-р. Сашо Велковски с.р.** |

Врз основа на член 22 став 1 точка 8 и член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (,, Службен весник на РМ,, бр.05/02), како и член 35 став 5 од Законот за основно образование( ,,Службен весник на РМ,, бр.103/08), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 27. 02. 2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за согласност на Програмата за подготовка и реализација на екскурзии при ООУ ,,Гоце Делчев,, Свети Николе за 2018 година**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност за реализација на Програмата за подготовка и реализација на екскурзии при ООУ ,,Гоце Делчев,, Свети Николе за 2018 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Број 0801-36**
**27.02. 2018 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Совет на Општина Свети Николе**
**Кире Алексов с.р.**

